**Годишен наративен извештај за работа за 2017 година**

Во текот на 2017 година, МП како релативно младо здружение, успеа да добие грант од Цивика Мобилитас за да госпроведува во текот на месец декември 2017 и 2018 година.

Целта на проектот ,,Анализа на состојбата во установите за сметување на деца во ризик и деца во судир со законот во Република Македонија'', во реализација на Македонското пенолошко друштво, со поддршка на Civica Mobilitas, е неопходна анализа на институциите, пред сѐ ЈУ за деца и младинци со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение - Скопје, децата-штитеници од ВПД Тетово и Казнено поправната установа Затвор за деца Охрид, но и на положбата на децата во системот на правда за деца, постапката спрема децата во ризик, заштитата на децата како жртви на кривични дела и превенцијата на детското престапништво.

Затоа, поради итноста и потребата за воспоставување на систем на правда на деца во Република Македонија во насока на остварување на нивна заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој , но и подигнување на свеста и поширока примена на вонзатворски и алтернативни мерки и мерки со ресторативна природа, шест члена на Македонското пенолошко друштво аплицираа на повикот за доделување грант од Civica Mobilitas.

На проектот под горниот наслов работат следните членови на МПД:

Акад. Владо Камбовски, раководител на Центарот за стратегиски истражувања, МАНУ
Проф. д-р Гордана Лажетиќ, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ
Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ
Проф. д-р Лазар Нанев, судија и професор, Правен факултет „Гоце Делчев“, УГД Штип
Д-р Крсте Малјановски, психолог и
Д-р Елена Мујоска Трпевска, научен соработник, Центар за стратегиски истражувања, МАНУ.

Членовите сметаат дека системот за правда за децата во Република Македонија е воспоставен со Законот за малолетничка правда и се соочува со постоење лоши материјални услови, недостаток на основно образование и систематска ресоцијализација

на децата лишени од слобода, па упатува на постоење сериозна загриженост и потреба од напори за дополнително зајакнување на правата на детето.

Нивната цел е анализа на состојбата со условите за престој, социјализација и ресоцијализација на децата во воспитните установи и воспитно поправниот дом.

Скопје, декември 2017

Извештајот го изработи,
**Елена Мујоска Трпевска**

Претседател,
**Македонско пенолошко друштво**